Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 14.03.2024 година, донесе

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак 9/а 1701
Рок на чување Т
26.03.2024 г. Потпис

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2023 година со архивски број 08-248/1 од 21.02.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-286/20
14.03.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), како и член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

**И З В Е Ш Т А Ј**

**за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2023 година**

Согласно Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2023 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани активности насочени кон унапредување на соработката на Советот на Општина Демир Хисар со јавните здравствени организации, спроведување на превентивни активности за заштита на здравјето на граѓаните и спроведување на активности за здравствено воспитување, особено на младата популација.

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 30.000,00 денари. Активностите во областа на здравствената заштита утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средствата од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.

Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2023 година не е реализирана.

Бр. 08-248/1
21.02.2024 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски